Врз основа на член 47 став (2) од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20), министерот за образование и наука донесе

# ПРОГРАМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСМО И ДЕВЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

## I. ВОВЕД

Програмата за професионална ориентација во основните училишта има за цел да им помогне на учениците и нивните родители, односно старатели при изборот на средното училиште, согласно со особеностите, способностите и афинитетите на учениците. Програмата ја реализира стручниот соработник психолог, односно педагог во училиштето со учениците во осмо и деветто одделение и истата е составен дел од Годишната програма за работа на основното училиште.

Во современиот живот, без оглед на возраста, секојдневно се соочуваме со потребата да направиме избор за нешто. Нашите одлуки нè насочуваат, градат и нè развиваат како личности во текот на животот. Најголем предизвик се изборите и одлуките кои со себе носат најголеми промени, како што е изборот на идното занимање. Во периодот на адолесценција учениците се наоѓаат на т.н животна раскрсница и пред голем број на промени и потреба од правење на избор. Изборот на професија е секако една од најважните одлуки која се носи во животот и влијае на понатамошниот квалитет на живот поради што е неопходно да се создадат услови младата личност да биде оспособена да ги донесе најдобрите одлуки.

Денес младите имаат широк спектар на можности за стекнување на образование, но во исто време, се соочуваат со потешки барања, поголема конкуренција и посложени потреби на пазарот на труд кој многу брзо се менува. Секоја личност која сака да се вработи мора да биде способна да проучи многу информации за да може правилно да го планира своето образование кое треба да се вклопи и со интересите, вештините, компетенциите, квалификациите кои ги поседува таа личност од една страна, како и со можностите на пазарот на труд од друга страна. Преку динамичкиот модел на професионална ориентација младата личност станува компетентна и способна самостојно да донесе одлука за својата идна професија.

Со учеството на учениците во програмата за професионална ориентација се зголемува нивната подготвеност за донесување одлука за понатамошно образование и идна професија и се влијае на проширување на нивните интереси за

различни видови професии. Планираните средби и посети на средни училишта, претпријатија, институции, итн. им овозможуваат на учениците да бидат подобро информирани и да ги разберат работните компетенции за одредени профили на работа.

При примена на оваа програма училиштето не смее да ја насочува професионалната ориентација на ученици засновано на родови, етнички или други стереотипи и предрасуди. Програмата за професионална ориентација за учениците не смее да ги перпетуира и зацврстува родовите, етничките и другите стереотипи и предрасуди, туку да понуди модели за надминување на истите, а сѐ со цел развој и остварување на целосниот индивидуален потенцијал на учениците.

## II. ПОИМ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА

Професиите и занимањата се динамична категорија, особено во последните децении. Промените во стопанските дејности моделирани од брзиот развој на информатичките технологии и автоматизацијата го дефинира концептот на потребните занимања, а со тоа и основата на образовниот систем. Следствено, промените во образовните системи на стручното образование го менуваат и концептот на професионалната ориентација која во континуирано променливи услови има потреба да биде соодветно динамичка и флексибилна.

Под поимот професионална ориентација се подразбираат збир на постапки, почнувајќи од информирање за можностите за образование и видот на професии, сѐ до индивидуално советување. Составни делови на процесот на професионалната ориентација се себеспознавањето, т.е. откривањето на сопствените потреби и афинитети преку поглед во сопствената личност, екстерното разбирање, кое претставува поглед во реалниот свет на занимањата и професиите, како и постапките на следење и водење низ процесот при изборот на занимањето и носењето на одлуката.

## III. КОНЦЕПТ НА АКТИВНА ПРОЦЕСНА ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА

### Применет пристап за педагошка и дидактичка имплементација на професионалната ориентација

Програмата за професионална ориентација се базира на интегративен пристап на опфаќање на сите релевантни влијанија и услови кои го чинат процесот на донесување одлука за идната професија т.е изборот на соодветно образование.

Согласно овој пристап процесот на професионална ориентација е и процес на учење и процес на класификација во динамичка смисла, свртен кон иднината и кон развој на компетенциите за одлучување.

Во врска со разбирањето на процесот на професионална ориентација како процес на учење се тргнува од искуствата од учење кои треба да го зајакнат концептот за себе, да се овозможат целни искуства во светот на занимањата преку директни контакти, како и да се развијат методи за решавање на проблеми. Тука се вбројуваат и самостојното прибирање на информации, соочување со вредностите, следење на актуелните случувања итн.

Во врска со разбирање на професионалната ориентација како процес на класификација во динамичка смисла кој е свртен кон иднината и кон развој на компетенциите за одлучување, изборот на професија т.е. соодветно образование се објаснува како процес на класификација, односно на препознавање и обединување на способностите, афинитетите, интересите и талентот на учениците со барањата на одреден вид на образование, односно професија. Овој пристап е динамички и повеќедимензионален поради взаемната условеност помеѓу оној кој избира и самите професии од друга страна, како и континуираните промени на кои се подложни и двете страни.

Согласно претходното, програмата за професионална ориентација се базира на повеќефазна постапка со можност за рефлексија и проверка на прелиминарните и конечните одлуки. Со тоа процесот на носење на кариерна одлука претставува и процес на учење кој има за цел да го усогласи, односно оптимизира профилот на личноста на ученикот со профилот на барања кои ги поставува одреден вид на образование и профил (струка) во некои училишта, односно некои професии.

**Професионална ориентација и развој на клучните компетенции**

Компетенциите претставуваат функционално интегрирани знаења, вештини, неопходни за да се реши одреден проблем, како и способност за успешно и одговорно (ставови, вредности) решавање на проблеми. Главните компетенции се следните:

1. Јазична писменот;
2. Изучување други јазици;
3. Математика, природни науки и технологија;
4. Дигитална писменост;
5. Личен и социјален развој;
6. Демократска култура и граѓанство;
7. Претприемништво и финансиска писменост;
8. Уметничко изразување, култура и мултикултура.

Развојот на овие компетенции е составен дел од наставните програми и процесот на учење кои ги прошируваат капацитетите на поединецот заради постигнување на посакуваните резултати на лично и професионално остварување и квалитетен живот во едно демократско општество.

Професионалната ориентација, како и следењето на младите во процесот на донесување одлука за понатамошно образование, односно избор на професија се реализира преку повеќефазен модел. Програмата за професионална ориентација е заснована на развој на сите клучни компетенции со цел како конечен резултат ученикот/чката да може самостојно и компетентно да донесе одлука за избор на училиште и професија, а во согласност со визијата каде и како најуспешно би можел/а да ги развива и употреби своите потенцијали и компетенции.

**Цели на учење во развојот на компетенции за избор на професија**

Целите кои треба да се постигнат во однос на развојот на компетенции за избор на професија се учениците на крајот од процесот да бидат способни да:

- ги спознаат сопствените желби, вредности, интереси, склоности;
- ги воочат и проценат сопствените таленти и способности;
- се стекнат со повеќе детали и увид во можностите за образование и избор на професија кои се во согласност со нивните интереси;
- размислат за можностите за образование/професија, и да стекнат непосредно искуство од средбите со претставници на одделни професии и работни места;
- ги препознаат актуелните професии како и варијабилноста и променливоста на истите со текот на времето;
- се запознаат со профилите на образование и работа од културна, економска, социјална и еколошка гледна точка;
- го согледаат влијанието на новите технологии на различни области на занимање и живот ;
- ги земат во предвид ризиците по однос на здравјето во определени професии на работа;
- стекнат увид за видот на професии преку посета на реални средини во кои оперираат професиите/занимањата;
- препознаат различни можности за образование кои се во согласност со нивните специфични барања и компетенции;
- изградат лична стратегија за планирање на нивното образование, кариера и живот;
- ги надминат стереотипите и да ја почитуваат родовата еднаквост во изборот на професија, и

- направат споредба на профилот на личност со профилот на образование и кариера и да направат проверка во поглед на одлуката која ја донеле.

**Дидактичко спроведување на моделот за професионална ориентација**

Дидактичките постапки за осмислување на процесот на професионална ориентација треба да им овозможат на младите да стекнат искуства кои ќе ги поттикнат да се соочат со себе, со личните интереси, способности, желби и афинитети за постигнување на компетенции за задоволување на личните и социјални потреби. Како резултат, учениците се оспособени самостојно да истражуваат, избираат и обработуваат различни видови информации, со што кај нив се развиваат истражувачките и дигиталните компетенции, како и се стекнуваат со способност за ориентирање кон идниот избор и самостојно донесување на одлука. Покрај себеспознавањето, на учениците им се овозможува да направат проценка на сопствените искуства и доживувања, за што се неопходни активни методи, сознајно, истражувачко, самостојно учење кое се стекнува преку игра и рефлексија.

Ориентацијата на учениците треба да се зајакнува преку активности за запознавање на учениците со реалноста, односно преку: изведување на симулации кои наликуваат на оние од пракса, овозможување на висок степен на активност на учениците и развивање на нивната подготвеност и мотивација, запознавање со занимањата преку реални доживувања на работни места, средби со претставници на одделни професии со информирање во самите училиштата, со посета на саеми и сл.

Развивањето на способноста на учениците за избор на професија на основа на личниот концепт е цел и предуслов за успешен премин од основно во средно училиште. Способноста за избор на професија подразбира учениците во голема мера самостојно да може да донесат одлука за натамошното образование. Одлуката мора да се донесе со усогласување на личниот концепт (способности, интереси, афинитети итн) со реалните околности (за понатамошно образование, односно професија), достапни информации за пазарот на труд и согласно образовните политики.

## IV. ФАЗИ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА

Основната цел на програмата е поттикнување на учениците активно да учествуваат во фазниот процесен модел на професионална ориентација, да преземат одговорност за својата иднина, да се запознаат себе си и своите способности, насоките за образование и кариера, да се запознаат со светот на занимањата, промислено да донесат одлука за изборот на средно училиште/професија и на тој начин да постигнат успех во планирање на својата кариера.

Програмата за професионална ориентација има за цел да изгради вештини за донесување одлуки кај младите и како таква интегрира две главни компоненти. Едната компонента е лична компетентност т.е силата на сопственото „јас“ и можноста за образование, односно учење за саморазвој, додека другата е социјална компетентност која се повеќе добива на значење во светот на професиите – учење за живот во демократска заедница и граѓанско општество.

На овој начин се дава значаен придонес во формирањето на личноста на ученикот каде централно место завзема развојот и зајакнување на волјата, способноста за донесување одлуки, ориентацијата, трудољубивост, подготвеност за постигнување на резултати, издржливост и способност за превземање на обврски.

**Фаза 1: Самоспознавање**

Идентификувањето и соочувањето со сопственото „јас“ е важен предуслов за процесот на одлучување. Самоспознавањето е средба на младата личност со сопственото „јас“ (јаки и слаби страни, способности, потенцијали, ставови, верувања, интереси, лични цели, вредности, вештини) и претставува појдовна основа во процесот на донесување одлука. Ако учениците се свесни за своите лични капацитети тогаш тие можат насочено и соодветно да се информираат за можностите кои ги нуди одредената професија која што тие ја преферираат, како и околу можности за образование, односно опциите за избор на училиште кои најмногу им одговара.

Цел: Главна цел на оваа фаза е да се поттикнат учениците да ги спознаат своите лични афинитети и капацитети, да градат реална слика за себе, да се оспособат за самопроценка и унапредување на капацитетите за личен раст и развој. Со осознавање и развивање на сопствените капацитети, ученикот е во состојба насочено и со конкретна цел да го спореди својот профил на личност со профилот на барања и можности за образование или избор на професија.

Содржини на учење: Во оваа фаза учениците учат како:

- да ги откријат, истражат и испитаат сопствените желби, интереси и афинитети, како и да ги воочат своите таленти и способности, учат како да ги проценат и рефлектираат личните очекувања и цели;
- да ги согледаат сопствените капацитети и подготвеност за постигнување на конкретни резултати, да направат саморефлексија во поглед на интересите, афинитетите, способностите (самопроценка) и да се надоврзат на изборот на видот на образование/професија;
- критички да се соочат со квалификационата рамка на занимања и темата работа, да го зајакнат чувството на сопствена вредност во однос на соодветноста за избор

на широкиот спектар на образовни профили и занимања без разлика на полот, родот и други карактеристики.

**Улогата на стручниот соработник** во оваа фаза е да ги координира класните раководители во осмо и деветто одделение за да ги реализираат работилниците од програмата за образование за животни вештини кои што имаат за цел да ги поттикат учениците да ги идентификуваат своите способности, потенцијали, ставови, верувања, интереси, лични цели, вредности, вештини. Изработките од часовите/работилниците учениците ги прибираат и чуваат во своето портфолио. Стручниот соработник ги координира и наставниците по Граѓанско образование за да обезбеди дека изработките, сознанијата, записите на учениците од реализацијата на првата тема од наставната програма во осмо и особено во деветто оделение ќе бидат интегрирани во ученичкото портфолио.

Во текот на деветто одделение стручниот соработник спроведува проценка на способностите и професионалните интереси на учениците. Добиените податоци стручниот соработник ги синтетизира и интерпретира и ги споделува со учениците и нивните родители/старатели.

Стручниот работник во спроведувањето на проценката нема да се води според родово стереотипната поделба на трудот и професиите, односно ќе се води исклучиво според принципите на родовата еднаквост.

**Фаза 2: Професионално информирање**

Во оваа фаза учениците се оспособуваат за тоа како да најдат информации за можностите за образование и градење на кариера и карактеристиките на различните профили на училишта и професии кои одговараат на нивните лични компетенции. Учениците треба да се оспособат за тоа како да ги избираат и селектираат податоците од различни извори на информации (центри за вработување, списанија и брошури, база на податоци за видови професии, понуди на Интернет страници и портали на надлежни институции за образование, веб страници на училишта), во однос на факти и податоци за можностите за образование и обука, областите на работа и професии, области на бизнис итн.

Цел: Главна цел на оваа област е стекнување знаења за различни информациски понуди за видови училишта и професии, како и развивање на вештини за активно и самостојно користење на расположливите информациски понуди (развивање на дигитални и социјални компетенции).

За да може младите да се стекнат со способност за ориентација при избор на вид на образование/професија, најпрво е потребно тие да се соочат со понудата на

релевантни информации. Во оваа фаза тие учат да пребаруваат и прават селекција така што самостојно собираат релевантни информации од Интернет и од други извори од областите на работа и рамката на квалификации, можности за средно образование итн., кои потоа ги обработуваат во согласност со своите афинитети и интереси. Покрај обработката на информациите, дополнително на учениците им се нуди можност да стекнат нови увиди и сознанија преку лична рефлексија и можност за лично доживување.

Содржини на учење: Во оваа фаза учениците ја развиваат способноста за ориентација со самостојно прибирање и критичко соочување со информациите кои се релевантни за избор на видот на образование/професија. Поконкретно учениците учат како да:

- се информираат за различните видови училишта и струки, да ги воочат карактеристиките и во согласност со сопствените интереси направат детален преглед за избраните училишта и понатамошното школување;
- донесат лични ставови и разбирање во контекст со изборот на училиште/професија,
- размислуваат критички и да се преиспитаат за нивното животно определување и планирање на кариера,
- се стекнат со знаење за можностите за образование и кариера кои водат кон професијата што ја избрале;
- ги обработат расположливите и новите информации за видот на образование/професии на структуриран начин за да може одлуката за избор на идно образование/професија да биде заснована на објективни информации,
- го согледаат повеќеструкото значење на секоја од професиите за кои се заинтересирани;
- ги препознаат и надминат родовите и други стереотипи кои ги следат одредени видови образовни профили/професии, како и да научат критички да се соочуваат со истите, и
- научат да ги проценат последиците кои би произлегле од изборот на образование/ професија за нивниот понатамошен живот и кариера.

Во оваа фаза учениците треба да се информираат за мрежата на средни училишта, занимањата кои се изучуваат во рамките на истите и условите за запишување. Покрај анализата на конкурсот за упис во средните училишта, информирањето треба да се поддржи преку организирани презентации на кои средните училишта и стопанските субјекти се претставуваат пред учениците. На овој начин ќе се обезбеди реален контакт, односно директна средба со идните професии (прибирање информации директно од средните училишта и претпријатијата), како и со претставниците од институциите кои се компетентни за занимањата и вработувањето (Агенција за

државни службеници, агенции за вработување, институции кои спроведуваат обуки, дообуки и усовршување на кадри, итн). Со реалните контакти учениците го дополнуваат и унапредуваат своето претходно стекнато теоретско знаење, но пред сè пред да ја донесат конечната одлука, од голема важност е учениците уште еднаш да ја погледаат во квалификационата рамка на занимањата во реалноста и да проверат дали вистинските барања на овие професии соодветствуваат со претставата и личните претпоставки кои тие ги имаат.

Преку реалните средби учениците добиваат сознанија за идните профили на професии од „прва рака". За тие средби е неопходно добро да се подготват, а стекнатите сознанија и искуства дополнително да ги обработат со цел во целост и самостојно да се информираат за оние профили на образование и професии кои ги интересираат. Постојат различни начини и можности за тоа преку:

- анкетирање и интервјуирање на претставници од различни професии,
- посета на институции, претпријатија, организации (отворени денови за информирање, следење на работата во самите претпријатија, институции, занаетчиски обуки) и
- посета на саеми за вработување или денови на одредени занимања и стручни манифестации на различни профили на професии.

**<u>Улогата на стручниот соработник</u>** во оваа фаза е да го координира процесот на информирање на учениците за можностите и перспективите на професиите, за мрежата на средни училишта, занимањата кои се изучуваат во рамките на истите и условите за запишување. Стручниот соработник ги координира и/или организира и презентациите на кои средните училишта и стопанските субјекти се претставуваат пред учениците.

Во текот на оваа фаза стручниот соработник реализира работилница со учениците во деветто одделение во која што ги поттикнува учениците да размислуваат и рефлектираат во однос на тоа кои информации што ги дознале се релевантни за нив, за нивните интереси и цели во однос на изборот на средно училиште и идната професија.

### Фаза 3: Донесување одлука

Во рамките на оваа област од процесот на професионална ориентација учениците се оспособуваат да донесат одлука за своето идно образование/професија. До тогаш учениците веќе ги имаат запознаено своите способности и интереси, имаат развиено способност за ориентација со посредство на информациите и нивно пребарување, ги имаат запознаено можностите за образование и кариера, умеат да направат споредба на својот профил на личност со барањата кои ги имаат одделни професии и

практично да согледаат како тоа изгледа на училиште и на работа. Во оваа фаза учениците веќе ја донесуваат одлуката за продолжување на своето образование во некои од средните училишта.

Цел: Главна цел на оваа област е учениците кои учествувале во програмата за професионална ориентација да бидат оспособени самостојно да донесат одлука за избор на средно образование и идна професија.

Содржини на учење: Во оваа фаза учениците треба да:

- ги разгледаат своите избори на посакувани училишта и идни професии и остварливоста на овие избори од аспект на влијание на пример од родителите, врсниците, советодавните институции;
- дефинираат привремена состојба на избор во врска со посакуваното училиште односно идна професија;
- ги вклучат родителите/старателите како најзначаен фактор на поддршка за донесување на самостојна одлука;
- уште еднаш го споредат профилот на својата личност со профилот на барања на идната професија и го проверат изборот на училиште;
- ја донесат одлуката.

**<u>Улогата на стручниот соработник</u>** во оваа фаза е да спроведе индивидуално (по потреба за ученици кои имаат потешкотии со донесувањето на одлука) и групно советување со учениците во деветто одделение и нивните родители/старатели за правилен избор на понатамошното образование.

Стручниот работник во советувањето нема да се води според родово стереотипната поделба на трудот и професиите, односно ќе се води исклучиво според принципите на родовата еднаквост.

## УЧЕНИЧКО ПОРТФОЛИО

За синтетизирање на информациите што ги прибираат и обработуваат низ секоја од фазите учениците водат портфолио, регистар за прибирање на документацијата за избор на понатамошно образование, односно занимање, кое ќе им помогне на учениците при донесувањето конечна одлука. Портфолиото учениците го водат во текот на целиот процес на професионална ориентација почнувајќи од осмо одделение, и ги содржи сите трудови од почеток до крај на процесот на одлучување. Стручниот соработник во соработка со раководителот на паралелката се грижи за чување на целата документација.

**Табела 1. Преглед на содржините структурирани во ученичкото портфолио**

| Чекори на професионална ориентација | Примери на содржини |
|---|---|
| 1. Самоспознавање | • Работни листови, продукти од работилници, записи од учениците од кои може да се согледа нивната работа на идентификување на своите јаки и слаби страни, способности, потенцијали, ставови, верувања, интереси, лични цели, вредности, вештини. Овие материјали воглавно се добиваат како резултат на реализирани работилници од Програмата за образование за животни вештини и на часовите по Граѓанско образование, но, може да настанат како продукти и на часовите по други наставни предмети. |
| 2. Се информирам, истражувам, обработувам податоци | • Записи, материјали кои содржат информации за изборот на средни училишта, можности за образование и вработување, интересни биографии на успешни личности со одредено занимање, важни информации за светот на занимања и видови професии. |
| 3. Ги знам патиштата за стекнување образование и професионална кариера кои водат кон постигнување/остварување на посакуваното занимање | • Работни листови на кои ученикот сам интензивно работел при избор на училиште/занимање и за кои смета дека се важни за неговиот избор на средно училиште или професионална кариера. |
| 4. Преку различни средби истражувам за светот на занимања, професии кои ме интересираат и се распрашувам за училиштата (патот за стекнување образование за одреден тип професија) | • Записи од средбите со претставници на различни профили професии, информации за средните училишта, материјали од посета на саеми, отворени денови... |
| 5. Проверувам и донесувам одлука | • Ученикот прави споредување и проверка на својот личен профил со барањата кои ги поставува сега веќе дефинираното образование и професионална кариера и носи одлука за изборот на соодветно училиште/занимање. |

## V. ПОДГОТОВКА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА ВО УЧИЛИШТАТА

Програмата за професионална ориентација ја изготвува стручниот соработник во училиштето, психологот, односно педагогот и училиштата имаат обврска истата да ја инкорпорираат како составен дел од Годишната програма за работа на основното училиште (во подрачјето Поддршка на учениците само се набројува програмата за професионална ориентација, активностите стануваат составен дел од програмата на психологот, односно педагогот, а целосната програма за професионална ориентација постои како посебен документ во училиштето).

Поконкретно задачите на стручниот соработник се:

- ја креира Програмата за професионална ориентација на училиштето,
- ги организира, координира и учествува во реализацијата на предвидените активности согласно Програмата за професионална ориентација на училиштето,
- прави евалуација на реализацијата на програмата на годишна основа со подготока на извештај кој вклучува заклучоци и препораки, и
- редовно ја ажурира Програмата за професионална ориентација на училиштето врз основа на препораките од извештајот,
- ги вклучува раководителите на паралелките во осмо и деветто одделение и одделните предметни наставници кои покриваат области од значење за програмата.

Активностите од Програмата за професионална ориентација училиштата треба да ги претставаат табеларно за секоја од фазите како што е прикажано во Табела 2 подолу.

**Табела 2. Форма на Програмата за професионална оријентација на училиштата**

| **ПРОГРАМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.САМОСПОЗНАВАЊЕ** | | | | | | |
| Активности | Цели | Носители на активности | Форми / методи на работа | Ресурси | Очекувани ефекти | Индикатори |
| 1.1 | | | | | | |
| 1.2 итн | | | | | | |
| **(2) и (3) ИНФОРМИРАЊЕ И ПРЕБАРУВАЊЕ ЗА ВИДОВИ ПРОФЕСИИ И МОЖНОСТИ ЗА ШКОЛУВАЊЕ** | | | | | | |
| 2.1 | | | | | | |
| 2.2 ….. | | | | | | |
| 3.1 итн | | | | | | |
| **4. РЕАЛНИ КОНТАКТИ/СРЕДБИ** | | | | | | |
| 4.1 | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.2 итн | | | | | | |
| **5. ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКА** | | | | | | |
| 5.1 | | | | | | |
| 5.2 итн | | | | | | |

## VI. СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ

Програмата ги вклучува и родителите/старателите во процесот на професионална ориентација на своите деца пред се како поддршка во донесувањето самостојна одлука. Родителите се охрабруваат да развијат сопствени компетенции за родителство во насока на охрабрување на детето за донесување самостојни одлуки при избор на средното образование, училиште и идната професија.

Родителите се вклучуваат преку родителски состаноци, заеднички работилници со децата и реални средби на кои учествуваат како претставници на одделни професии и презентери на сопствениот пат на лична кариера.

Оваа програма влегува во сила со денот на нејзиното донесување

Бр. 12-11595/1

20 октомври 2020 година

Скопје

Министерка за образование и наука

Мила Царовска, с.р.